**Шаховска Федерација на Македонија**
**Chess Federation of Macedonia**
Сала кк Работнички бб, Градски Парк, Скопје
e-mail: chessmkd@t.mk
web: http://chess-mkd.mk/

**ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

27.05.2024 година

# Одлуки од третата седница на УО

УО на ШФМ, на 19.05.2024 година ја одржа својата трета седница.

На седницата беа разгледувани следниве точки:

1. **Усвојување на записникот од Втората седница на УО**
2. **Преглед на финансиската состојба**
3. **Годишна такса за регистрирање на судии во ШФМ**
4. **Лиценци за шаховски тренери и шаховски школи**
5. **Избор на нови членови во комисии**
6. **Разно**
   **6.1. Долгови на клубовите спрема ШФМ**
   **6.2. Технички организатори на претстојните настани во организација на ШФМ**

Управниот одбор ги донесе следниве одлуки:

1. Усвојување на записникот од Втората седница на УО
   Едногласно беше усвоен записникот од Втората седница на УО одржана на 21.04.2024 година.

2. **Преглед на финансиската состојба**
   Беше презентиран календарот на ШФМ за 2024 година и буџетираните ставки. Беше заклучено дека ШФМ треба да се фокусира на подмирување на некои долгови кои се заостанати од 2023 година, пред се судиските хонорари. Фокус во наредниот период треба да се стави на прецизно дефинирање на буџетот за организација на Европското првенство во Рапид и Блиц и да се обезбедат финансиски средства потребни за организација на истото.

3. **Годишна такса за регистрирање на судии во ШФМ**

**На гласање беше ставен предлогот:**

Да се воведе годишна такса за регистрација на секој шаховски судија кој сака да суди официјален рејтингуван турнир организиран во Република Македонија во стандард, рапид и/или блиц темпо.

Таксата е во висина од:

- 40 Евра за ИА судија
- 30 Евра за ФА судија
- 20 Евра за НА судија

Таксата се плаќа секоја година најдоцна до 31.01 во тековната година. За 2024 рокот за плаќање на таксата за регистрација на судија е 01.07.2024.

ШФМ нема да рејтингува турнири на кои судат судии кои немаат лиценца од ШФМ.

**Предлогот е едногласно усвоен.**

4. **Лиценци за шаховски тренери и шаховски школи**

**На гласање беше ставен предлогот:**

Да се воведе испит за лиценцирање на тренери за сите оние шаховски работници кои сакаат да бидат шаховски тренери, а немаат валидна ЕКУ или ФИДЕ шаховска лиценца.

Да се воведе годишна такса од 1 евро за лиценцирање на шаховски тренери кои имаат валидна ЕКУ или ФИДЕ тренерска лиценца од било кој вид.

Да се воведе годишна такса од 10 евра за тренери кои немаат ЕКУ или ФИДЕ лиценца. При што сите оние кои сакаат да работат како тренери, а немаат ЕКУ или ФИДЕ лиценца, за да се здобијат со лиценца од ШФМ треба да следат курс за шаховски тренер и да полагаат испит. ШФМ дополнително ќе организира курсеви од ваков вид.

Сите шаховски клубови кои сакаат да имаат активни шаховски школи за работа со деца и младинци мора да ја достават својата програма за работа до Комисијата за Унапредување и Развој на Шахот за Млади при ШФМ на одобрување. Деталите за процесот на одобрување на програмите за работа како и критериумите ќе бидат дополнително објавени од страна на Комисијата.

Таксата за лиценцирање на шаховска школа е 10 Евра годишно.

Шаховска школа може да работи само во склоп на активен шаховски клуб кој има програма и тренер лиценцирани од ШФМ.

**Предлогот е едногласно усвоен.**

5. **Избор на нови членови на комисии**

**На гласање беше ставен предлогот:**

СТАТУТАРНА КОМИСИЈА

1. Сервер Зендели - ШК Теута Куманово, Претседател на Комисија
2. Сашо Симјановски - МШК Центар, Скопје
3. Александра Гакидова - Скопје

ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА

1. Ѓорѓи Миновски – МШК Центар, Претседател на Комисија
2. Оливер Дејановски - ШК Крива Паланка
3. Неџмедин Садики - Теута, Липково

КОМИСИЈА ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА

1. Илиќ Љубомир - ШК Капабланка Скопје, Претседател на Комисија
2. Марјан Митков ИМ– ШК ГАМБИТ АССЕКО СЕЕ, Скопје
3. Душко Стефановски ФМ - ШК Гостивар, Гостивар

КОМИСИЈА ЗА РАНГИРАЊЕ НА КЛУБОВИ И АКТИВНИ СПОРТИСТИ ( АМС )

1. Зоран Стојчевски ФМ, ИО, ФТ – ШК Гамбит АССЕКО СЕЕ, Скопје, Претседател на комисија
2. Агим Шемшију – ШК Куманово 1, Куманово
3. Горан Главинац - ШК Карпош, Скопје

**Предлогот е едногласно усвоен.**

6. **Разно**

**6.1. Долгови на клубовите спрема ШФМ**

**На гласање беше ставен предлогот:**

Пролонгирање на рокот за подмирување на сите долгови на клубовите спрема ШФМ, новиот рок за подмирување на долговите е 31.05.2024. Клубовите кои нема да ги подмират своите финансиски обврски спрема ШФМ до овој рок ќе бидат санкционирани и нема да можат да настапат во системот на натпревари на ШФМ.

**Предлогот е едногласно усвоен.**

**6.2. Технички организатори на претстојните настани во организација на ШФМ**

**Шаховска Федерација на Македонија**
**Chess Federation of Macedonia**
Сала кк Работнички бб, Градски Парк, Скопје
e-mail: chessmkd@t.mk
web: http://chess-mkd.mk/

**На гласање беше ставен предлогот:**
Технички организатор на Младинското поединечно првенство кое ќе се одржи во Струмица во период од 23 до 29 јуни да бидат ШК Цареви Кули и Марјан Митков. Технички организатор на Втората екипна машка сениорска лига и Квалификациите за првата екипна женска сениорска лига да биде Арлинд Јонузи.

**Предлогот е едногласно усвоен.**

27.05.2024
Скопје

Шаховска Федерација на Македонија
Секретар на УО
Александра Гакидова